РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општина Кавадарци
Бр. 14-25 од 01.08.2012год.

Градоначалникот на Општина Кавадарци решавајќи по барањето на инвеститорот **ДПТ „СОЛ СЕЕ“ ДОО Скопје** поднесено под број 14-25 од 11.07.2012година, за издавање на одобрение за градење на **постројка за втечнување на азот** од втора категорија, врз основа на член 58 став 2 од Законот за градење („Службен весник на РМ“бр. бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11и 13/12), а во врска со член 205, став1 и член 209 од Законот за општата управна постапка( „Службен весник на РМ“ бр.38/05 и 110/08 ) го издава следното

## О Д О Б Р Е Н И Е З А Г Р А Д Е Њ Е

На инвеститорот **ДПТ „СОЛ СЕЕ“ ДОО Скопје** ул. .„Пролетерска“ бр.4 Скопје му се одобрува изградба на **постројка за втечнување на азот** од втора категорија, во кругот на производствениот погон Постројка за сепарација на воздух во Кавадарци м.в.„Фабрика ФЕНИ“ и м.в.„Метал промет“ на КП.бр.1293 КП.бр.1294/4, КО Шивец

Одобрението за градење се издава за целата градба- постројка за втечнување на азот.

Инвеститорот може да ја започне градбата, откако ова одобрение ќе стане правосилно во управната постапка.

Ова одобрение престанува да важи доколку инвеститорот не почне со изградба во рок од две години од денот на правосилноста на одобрението за градење, согласно член 66 од Законот за градење.

Доколку градбата отпочнала да се гради по истекот на рокот од две години од денот на правосилноста на одобрението, се смета дека градењето е бесправно.

### Образложение

Инвеститорот **ДПТ „СОЛ СЕЕ“ ДОО Скопје** ул. .„Пролетерска“ бр.4 Скопје поднесе барање број 14-25 од 11.07.2012година, за издавање на одобрение за изградба на **постројка за втечнување на азот** од втора категорија, во кругот на производствениот погон Постројка за сепарација на воздух во Кавадарци м.в.„Фабрика ФЕНИ“ и м.в.„Метал промет“ на КП.бр.1293 КП.бр.1294/4, КО Шивец.

Со барањето инвеститорот ја приложи следната документација и докази:

1. Извод од детален урбанистички план бр.14-188/2 од 24.01.2012год.
2. Архитектонско урбанистички проект тех.бр.2073/2012 изработен од ДПИИ Балкан-Консалтинг“ ДООЕЛ Скопје.
3. Основен проект со техн. бр.2073/2012 изработен од ДПИИ Балкан-Консалтинг“ ДООЕЛ Скопје.
4. Ревизија на основниот проект со бр.0702-56 од 04.07.2012година извршена од Рударски институт Скопје,Друштво за инженеринг.

5. Доказ за правото на градење - Имотен лист бр.637 од 06.07.2012 год.издаден од Агенција за катастар на недвижности, Одделение за катастар на недвижности Кавадарци.

6. Геодетски елаборат за нумерички податоци за градежното земјиште бр.0703/32 од 05.02.2010год.

7. Доказ за извршена уплата на административна такса за издавање на одобрение за градење во износ од 2550ден. согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси.

8. Доказ-акт за регулиран надоместок за уредување на градежно земјиште Договор бр. 14-3553/2 од 31.07.2012год.и уверение бр.14-3553/3 од 31.07.2012год. издадени од Општина Кавадарци.

9. Интегрирана еколошка дозвола од Министерство за животна средина и просторно планирање бр.11-10505/1 од 30.11.2009год.

Согласности и мислења прибавени согласно член 59-в од Законот за градење:

- Мислење од ЕВН Македонија КЕЦ Кавадарци бр. 27-549/2 од 17.07.2012год. кое е составен дел на одобрението за градење.
- Мислење од ЈП Комуналец бр.09-1103/2 од 13.07.2012год.
- Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари бр.10-220/2 од 19.07.2012 г. издадена од Дирекција за заштита и спасување- ПО за ЗС Кавадарци.

Врз основа на горе изнесеното а согласно член 59 и член 62 од Законот за градење („Службен весник на РМ“бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011,13/2012), се одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:**

Против ова одобрение инвеститорот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одобрението до Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 200,оо денари Административни такси.

Таксата по член 37 тар.бр.88 од Законот за административните такси („Сл.весник на РМ“бр.17/93.....17/11), во износ од 2550денари е наплатена и приложена со барањето.

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Дипл.прав. Александар Панов**

Изработил,
Мирјана Николова Плачкова диа

Контролирал,
Раководител на Одделение
Стефанка Јованова диа

Раководител на Сектор
Драгослав Симоновиќ дги

Одобрил,
Секретар на Општина
Ќире Делов

Одобрението е правосилно
17.08.2012 год.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
-Инвеститорот
-Овластена градежна инспекција на Општината
-Архива
-АКН Одделение за премер и катастар на недвижности-Кавадарци